Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24 ), член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден __.05.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7 согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП Димитар Влахов“ Општина Велес

### Член 1

Се утврдува урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7 согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП Димитар Влахов“ - Општина Велес, согласно Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), со вкупна површина од 497,74 м².

### Член 2

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7, согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП Димитар Влахов“–Општина Велес, изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 0211-10/24-1 од Октомври 2024 година, ревидиран од „НИМАЕР“ ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. 03-434/24 од Декември 2024 год.

### Член 3

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7 согласно ДУП за измена и дополнување на ДУП Димитар Влахов дел, Велес – Општина Велес.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Урбанистичкиот проект со план за парцелација се изработува врз основа на ДУП за измена и дополнување на ДУП Димитар Влахов дел , Велес - Општина Велес со намена А1.1 – станбени куќи-слободностоечки на ГП 7.2, и намена Б1.4 мали објекти за трговија со мешана стока на ГП 7.1, а се однесува на определување на диспозицијата и формата на површините за градење и поместување на границите на градежните парцели и одземање дел од градежните парцели за општа употреба-тротоар.

Границата на проектниот опфат на Урбанистичко проектна документација е дефинирана:

- На север опфатот се граничи со КП 3483 / 1 и 3482
- На југ опфатот граничи со КП 3486 / 1
- На запад опфатот граничи со КП 10331 / 1 улица Димитар Влахов
- На исток опфатот граничи со КП 10336/ 1 пристапна улица.

Со планот за парцелација се предвидува поместување на границата на ГП 7.2 и ГП 7.1 и тоа:

- новоформираната ГП 7.1 е содржана од катастарските парцели КП 3485, КП 3486/2 и
- ГП 7.2 содржана од катастарските парцели КП 3484 / 1 , КП 3484 / 5 КП 3484 / 4, КП 3484 / 3, КП 3486 / 3, КП 10331/3, дел од 3843/1 и дел од 3482
- Од двете градежни парцели ГП 7.1 И ГП 7.2 кои се во приватна сопственост, се одзема дел за општа употреба-тротоар со вкупна површина од 0.486 m2 кој е дел од КП 10331/1 и е во сопственост на Република Северна Македонија и се врши промена на формата и диспозиција на површината за градба на ГП 7.1

Дефинираниот простор на ГП 7.1 е неизграден, додека просторот на ГП 7.2 е изграден).






| СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СОГЛАСНО ДУП | | | | | | | | | |
| реден број | површина на парцела | максимална површина на габарит | вкупна изградена површина м2 | процент на изграденост | коефициент на искористеност | намена | максимална висина до кота на венец | спратност | зеленило |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ГП 7.1 | 141 m2 | **53 м2** | **158 м2** | 37.33% | 1.12 | Г | 4.5 | П | / |
| ГП 7.2 | 357 m2 | **167 м2** | **500 м2** | 46.69% | 1.40 | А | 9 | П+2 | / |
| СОГЛАСНО УП | | | | | | | | | |
| ГП 7.1 | 128.40 m2 | **53.12 м2** | **53.12 м2** | 41.37% | 0.41 | Б1.4 | 4.5 | П | 20.73% |
| ГП 7.2 | 368.86 m2 | **166.88 м2** | **500.64 м2** | 45.24% | 1.35 | А1.1 | 9 | П+2 | 20.91% |
| Површина за јавна намена ( тротоар)   0.486 m2 | | | | | | | | | |
| Вкупна површина на опфат   497.74 m2 | | | | | | | | | |